Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски бр. 08-248/6
Дата: 17-05-2023

Постапувајќи по претставката за заштита од дискриминација бр. 08-248/1 од 23.03.2023 година, поднесена од [redacted], застапувано од [redacted] од Скопје против [redacted] за извршена дискриминација по основ на етничка припадност преку социјалната мрежа „Фејсбук" кон граѓаните на Република Сверна Македонија со бугарска самосвест, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр.258/20) на 16.05.2023 година го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**За отфрлање на претставката поради неуредност**

**Се отфрла** претставката за заштита од дискриминација бр. 08-248/1 од 23.03.2023 година, поднесена од [redacted] Скопје, застапувано од [redacted] од Скопје против [redacted] **заради неуредност.**

## О б р а з л о ж е н и е

На 23.03.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка за заштита од дискриминација бр. 08-248/1 од 23.03.2023 година, поднесена од [redacted] Скопје, застапувано од [redacted] од Скопје против [redacted], за извршена дискриминација по основ на етничка припадност преку социјалната мрежа „Фејсбук". Кон граѓаните на Република Северна Македонија со бугарска самосвест. Во истата, подносителот тврди дека лицето [redacted] на 02.02.2023 година на сопствената фан страна на социјалната мрежа „Фејсбук" поставил објава со што *предизвикал лавина негодувачки коментари со дискриминаторска и вознемирувачка содржина кон граѓните н Р.С.Македонија, со бугарска самосвест*. Дополнително, тие тврдат дека [redacted], како автор на објавата ширел лажни вести, давајќи небулозен историски осврт на настани, иако не бил историчар ниту непосреден сведок на истите, и освен што

користел дискриминирачки и вознемирувачки говор на омраза, дополнително и поттикнал говор на омраза.

Поднесената претставка не ги содржеше задолжителните елементи од член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој гласи: *„Претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот."* Од причина што претставката не ги содржеше наведените елементи, односно не беше наведена адресата на лицето – потенцијален дискриминатор, односно, беше наведено само неговото име и презиме, согласно член 24, став 2 од Законот, на 27.03.2023 година, со допис бр. 08-248/2. Комисијата ја го задолжи подносителот истата да ја доуреди, во законски предвидениот рок од 8 дена.

На 13.04.2023 година, Здружението достави Барање за исвестување бр. 08-248/3, со кое побара објаснување зошто КСЗД во Барањето за доуредување биле наведени два различни броеви на предмети (08-248/1 како арх.број и 08-166 како број на претставка која треба да се доуреди), побараа дополнителни информации на која претставка се однесува Барањето.

На 18.04.2023 година, со допис бр. 08-248/4, Комисијата испрати повторно Барање за доуредување до подносителот, во смисла да се достави адреса на живеење на лицето против кое ја поднеле претставката, извинувајќи се за техничката грешка во претходниот допис.

Здружението ДЕЛО испрати одговор на Барањето за доуредување на претставката на 25.04.2023 година, со арх.бр. 08-248/5. Во овој допис, тие потенцираат дека членот 24 став 1 од ЗСЗД, според нивно толкување, *не пропишувал дека подносителот треба да наведе точна и/или неточна адреса на пријавеното физичко или правно лице,* па затоа побараа Комисијата да постапи по член 31 од Законот, а во врска со член 4 став 1 алинеја 1 од Меморандумот за соработка помеѓу КСЗД и МВР, бр.09-153/1 од 09.03.2022 година, барајќи Комисијата да ја прибави адресата на сопственикот на фан страницата на „Фејсбук" по службена должност.

Комисијата и во овој случај, како и во претходните, потенцира дека во споменатиот Меморандум за соработка со МВР го користи членот 4 во случаи кога треба да прибави лични податоци за лица за кои Комисијата утврдила дека не постапиле по препораките за отстранување на повредата на правото за еднаквост, при поведување на прекршочна постапка против нив.

Дополнително, Комисијата укажува дека во членот 24 ставот 2 од Законот за спречување и заштита за дискриминација јасно е уредено дека во случаи кога претставката не ги содржи потребните елементи наброени во ставот 1, Комисијата **ќе го задолжи подносителот** да ја доуреди во рок од 8 дена од денот на приемот на претставката.

Следствено, Комисијата во овој случај констатираше дека во зададениот рок подносителот не ја доуреди претставката, односно не ги испрати бараните податоци и затоа одлучи да ја отфрли претставката заради неуредност, како што е наведено во диспозитивот.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател

Исмаил Камбери

Доставено до:

1. [redacted]
2. Архива на КСЗД

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk